Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Ministria e Bujqësisë,
Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave
Бр. - Nr 161-4323/1
08.04.2026 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave

08 април, 2026

АРХИВСКИ БРОЈ: 161 - 4323 /1

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа на член 84 став (1) точка 1 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/24 и 160/25), донесе

## РЕШЕНИЕ
### за забрана за риболов на риболовното подрачје „Дојранско Езеро" во периодот на природен мрест на рибите во 2026 година

1. Со ва решение се забранува вршење комерцијален и рекреативен риболов на сите видови риби во Дојранското Езеро во периодот од 10 април 2026 година (петок) во 12:00 часот до 10 мај 2026 година (недела) во 08:00 часот.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Забраната за вршење риболов на сите видови риби се носи заради овозможување на непречен природен мрест на рибите во Дојранското Езеро. Периодот на тотална забрана за риболов на сите видови риби во Дојранското Езеро е договорен со Министерството за рурален развој и храна, Генерален директорат за рибарство од Република Грција, а на предлог и во соработка со корисникот на рибите и другите водни организми на Дојранското Езеро. Периодот на тотална забрана за риболов на сите видови риби на Дојранското Езеро се однесува и за Великденските празници и празникот 1-ви Мај.

Правна поука: Против ова решение може да се поведе спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР
Цветан Трипуновски

Изработил: Ивана Димитровска
Контролирал Игор Бојаџиевски
Согласен: Игор Трошански


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанствона Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015